Врз основа на член 28 од Законот за заштита на личните податоци (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 294/21) и член 6 од Правилник за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20), министерот за внатрешни работи донесе

# П Л А Н
# ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

## 1. Предмет на планот

Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството) како контролор на личните податоци воспоставува систем за заштита на личните податоци за да обезбеди и докаже дека обработката на личните податоци се врши согласно Законот за заштита на личните податоци (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 294/21) (во натамошниот текст:ЗЗЛП) и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата за заштитата на личните податоци (во натамошниот текст:АЗЛП).

При воспоставување на системот за заштита на личните податоци Министерството ги зема во предвид природата, обемот, контекстот и целите на обработката, како и ризиците со различна веројатност и сериозноста за правата и слободите на физичките лица. Системот за заштита на личните податоци обезбедува примена на соодветни правила за заштита на личните податоци кои се утврдуваат во документирани правилници, упатства, процедури и работни инструкции, планови, кодекси на практика и насоки.

Со овој план се утврдува начинот на постапување на Министерството и на вработените при обработката на личните податоци во насока на обезбедување на законитост, правичност, транспарентност и точност на личните податоци, како и доверливост, интегритет и достапност на личните податоци.

Утврдените правила и донесената документација за заштита на личните податоци во Министерството се применуваат и врз обработувачите на личните податоци на Министерството кои вршат обработка на лични податоци на Министерството или кои вршат одржување на информацискиот и комуникацискиот систем и инфраструктурата на Министерството.

## 2. Цел на системот за заштита на личните податоци

Целта на воспоставување на систем за заштита на личните податоци во Министерството е да се постигне:

1. информирање на субјектите на лични податоци за начинот на обработка на личните податоци;

2. дефинирање на јасни правила за обработка на личните податоци, согласно ЗЗЛП;

3. појаснување на одговорностите и обврските на вработените и ангажираните лица во насока на почитување на заштитата на личните податоци и безбедноста на обработката на личните податоци и

4. функционален систем на технички и организациски мерки за безбедност на обработката на личните податоци.

## 2.1 Дефиниции во функција на полесно разбирање на Планот

„Личен податок" е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

„Обработка на личните податоци" е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување,приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање прекупренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување;

„Збирка на лични податоци" е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа;

„Контролор" е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување;

„Обработувач" е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот;

„Корисник" е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција иил друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не. Меѓутоа, органите на државната власт и државните органи на кои им се откриваат личните податоци во рамките на посебна истрага во согласност со закон, не се сметаат за корисници, при што обработката на овие податоци од овие органи мора да биде во согласност со важечките правила за заштита на личните податоци според целите на таа обработка.

„Посебни категории на лични податоци“ се лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице.

3. Законитост на обработката на лични податоци

Личните податоци се обработуваат во Министерството врз основа на исполнување на законска обврска, која задолжително вклучува одредби во однос на: општите услови со кои се одредува законитоста на обработката на лични податоци од страна на Министерството, целите на обработката, категориите на лични податоци кои се обработуваат, категориите на субјекти на лични податоци, субјектите на кои може да им се откријат личните податоци и целите на таквото откривање, ограничувањето на целта на обработката, ограничување на роковите на чување, операциите и постапките за обработка, вклучително и мерките за обезбедување законска и правична обработка.

Обработката на личните податоци во Министерството се врши во:

1. <u>**Законот за внатрешни работи**</u>, во кој се водат евиденции за:

-работниците во Министерството;

-платите и

-повредите при работа. (**член 202**)

2. <u>**Законот за полиција**</u>, во кој се водат евиденции за:

-лица на кои по која било основа им е ограничена слободата на движење;

-лица за кои постојат основи за сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци;

-службени белешки во врска со вршењето на полициски работи;

-поднесени кривични пријави против познат и непознат сторител, пријавени сторители и оштетени од кривичните дела што се гонат по службена должност;

-сторители на кривични дела и прекршоци-општа азбучна евиденција;

-предмет (досие) за лица;

-сторени кривични дела;

-сторени прекршоци;

-лица и предмети по кои се трага, како и за лица на кои им е забранет влез во Република Северна Македонија;

-извршени самоубиства;

-несреќни случаи и несреќни случаи при работа;

-лица на кои им е извршена проверка на идентитетот;

-дактилоскопирани, фотографирани лица и лица за кои е направена ДНК анализа;

-криминалистички истражувања, криминалистички контроли, криминалистички обработки и акции;

-дневни настани во врска со вршењето на полициските работи и извршени увиди;

- сообраќајни незгоди;

-употреба на средства за присилба;

-примени поплаки од граѓани;

-поднесени претставки од граѓани против полициски службеник и преземени мерки;

-привремено одземени и пронајдени предмети;

-откриени фалсификувани пари, фалсификувани парични единици - евра и други фалсификувани странски валути;

-извршени проверки и спроведување мерки врз основа на акт донесен од суд или друг надлежен орган;

-примена на посебни истражни мерки;

-лица над кои е извршена безбедносна проверка;

-проверка на идентитет на лица при влез во објекти што ги обезбедуваат полициски службеници на Министерството.

Министерството врши евидентирање и на акивностите на полициските службеници при преземањето на дејствијата во рамките на полициските овластувања предвидени со овој закон. (член 69)

Евиденциите од членот 69 од овој закон содржат лични податоци односно посебни категории на лични податоци и други податоци и информации за субјектот на личните податоци и за трето лице. (Член 69-а)

Евиденцијата од членот 69 став (1) точка 1) од овој закон, може да биде структуирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

-евиденција за повикани лица;

-евиденција за приведени лица;

-евиденција за лица лишени од слобода и задржани лица;

-евиденција за издадени покани за повикани лица и

-евиденција за издадени покани за сообраќајни прекршоци.

Евиденцијата од членот 69 став (1) точка 4) од овој закон, може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полициката и а да се води како:

-евиденција на сторители на кривични дела;

- евиденција на оштетени лица по видови на кривичните дела,

- евиденција на поднесени кривични пријави против правни лица;

- евиденција на барања за собирање потребни известувања доставени од Основно јавно обвинителство;

-евиденција за посебни извештаи доставени до Основно јавно обвинителство;

- евиденција за пријавени случаи на семејно насилство;

- евиденција за предизвикани пожари и експлозии;

-евиденција за начин на извршување на кривичните дела од познат сторител (МОС);

- евиденција за начин на извршување на кривичните дела од непознат сторител (МОС);

- евиденција по видови на кривични дела;

- евиденција за покарактеристични безбедносни настани во делот на јавнот ред и мир, гранични работи и странци;

- евиденција за сообраќајни незгоди со загинати лица;

Евиденцијата од членот 69 став (1) точка 7) од овој закон, може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција на кривични дела кои се гонат по службена должност;

- евиденција на кривични дела кои се гонат по приватна тужба;

- евиденција на оштетени лица.

Евиденцијата од членот 69 став (1) точка 8) од овој закон, може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција на прекршоци против јавниот ред и мир;

- евиденција на барања за поведување на прекршочна постапка по Закон за прекршоците против јавниот ред и мир;

- евиденција на барања за поведување на прекршочна постапка по други закони;

- евиденција на барања за поведување на прекршочна постапка од областа на сообраќајот;

- евиденција на издадени покани за наплата на глоба за сторен сообраќаен прекршок;

- евиденција на издадени платни налози за сторен сообраќаен прекршок;

-евиденција за констатирани прекршоци отстапени прекршочни пријави до надлежни органи;

- евиденција за поднесени барања за поведување на прекршочна постапка и прекршочни пријави против правни лица;

- евиденција на сторители на прекршоци и

- евиденција на лица оштетени со сторени прекршоци.

Евиденцијата од членот 69 став (1) точка 9) од овој закон, може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција на потерници распишани од суд или друг државен орган;

- евиденција на расписи распишани од организациони единици во Министерството;

- евиденција на објави распишани за одземени моторни возила;

- евиденција на објави распишани за украдено оружје;

- евиденција на објави распишани за исчезнати лица и пронајдени лешеви;

- евиденција на објави распишани за украдени предмети;

- евиденција на распишани расписи и објави и

- евиденција на лица на кои им е забранет влез во Република Северна Македонија.

Евиденцијата од членот 69 став (1) точка 13) од овој закон, може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција за дактилоскопирани, фотографирани лица и лица за кои е направена ДНК анализа;
- евиденција за фото и видео записи од увиди и други настани и
- евиденција за изработени вештачења и други анализи.

Евиденцијата од членот 69 став (1) точка 14) од овој закон, може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција за криминалистички истражувања;
- евиденција за криминалистички контроли;
- евиденција за криминалистички обработки и
- евиденција за криминалистички акции.

Евиденцијата од членот 69 став (1) точка 15) од овој закон, може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција за дневни настани во врска со вршење на полициските работи и
- евиденција за извршени увиди.

Евиденцијата од членот 69 став (1) точка 16) од овој закон, може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција за случени сообраќајни незгоди и
- евиденција за издадени потврди за оштетено возило со странски регистарски таблици.

Евиденцијата од членот 69 став (1) точка 20) од овој закон, може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција на привремено одземени предмети;
- евиденција на пронајдени предмети;
- евиденција на привремено одземени сообраќајни дозволи и регистарски таблици и
- евиденција за привремено одземени возачки дозволи.

Евиденцијата од членот 69 став (1) точка 22) од овој закон, може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција на извршени проверки по барања на организациски единици во Министерството или друг државен орган или институција;

- евиденција на спроведени превентивни и алтернативни мерки врз основа на акт донесен од суд или друг државен орган (куќен затвор, куќен притвор, семејно насилство);

- евиденција на примени судски наредби за приведување на лица;

- евиденција на дадени асистенции врз основа на акт донесен од суд или друг државен орган. (Член 69-б);

- евиденција на припадниците на резервниот состав на Полицијата. (член 126)

Правилник за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите во полицијата

**3. Законот за оружјето**, во кој се водат евиденции во вид на регистри и тоа за:

-издадени одобренија за набавување на оружје;

-поднесени барања за регистрирање на оружјето;

-барања за заменување на постојните дозволи,

-издадени дозволи за оружје,

-издадени дозволи за поседување на оружје,

-издадени дозволи за носење на оружје;

-издадени потврди за поседување на оружје;

-издадени одобренија за набавување на колекционерско оружје;

-поднесени барања за регистрирање на колекционерско оружје;

-издадени дозволи за колекционерско оружје;

-колекционери;

-пријавено оружје од катагорија Д;

-одземено, пронајдено, предадено оружје и муниција;

-издадени одобренија за производство на оружје и муниција и поправање на оружје;

-издадени потврди за огнено оружје што е трајно онеспособено за употеба;

-издадени одобренија за промет;

-издадени одобренија за пренесување на оружје (трансфер)

-издадени одобренија за превоз;

-издадени одобранија за основање на цивилни стрелишта;

-издадени одобренија за набавување и изнесување на оружје и муниција од државата;

-одобренија за внесување на оружје и муниција издадено од дипломатско-конзуларното претставништво;

-одобренија за поседување и носење на ловечко оружје за време на лов во државата;

-одобренија за пренесување на спортско оружје и

-издадени одобренија за транзит на оружјето и муницијата. (член 75)

Правилник за обрасците за оружјето и муницијата и за начинот на водење на евиденции на оружје и муниција

4. <u>Законот за личното име</u>, во кој се воспоставува обврска за водење на евиденција за промена на лично име. (член 7)

5. <u>Законот за личната карта во кој</u> се водат евиденции за:

- издадените лични карти согласно со утврдените стандарди и законски прописи и

- за запишувањето на забраната и за бришењето на забраната на употреба на личната карта за преминување на државната граница.(член 14)

<u>Правилник за образецот на барањето за издавањае на личната карта, образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта и за начинот на водење на евиденција за издадените лични карти</u>

6.<u>Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните</u> во кој се водат евиденции за:

-евиденција на граѓаните кои пријавиле заминување во странство подолго од три месеци. (член 8)

-евиденција за живеалиште;

-промената на адресата на станот; (член 12)

<u>Правилник за обрасците за пријавување и одјавување на живеалиште и престојувалиште, пријавување на промена на адреса на станот на граѓаните, за евиденција и за образецот на книгата за гости</u>

7.<u>Законот за матичен број на граѓанинот</u>, Министерството води евиденција на матичниот број на граѓанин и матичниот број на странец. (член 14)

<u>Правилник за начинот на определување и поништување на матичен број на странец, формата и содржината на обрасците, како и начинот на водење на евиденцијата на матичниот број на странецот</u>

<u>Правилник за начинот на определување и поништување на матичен број на граѓанин, формата и содржината на обрасците, како и начинот на водење на евиденцијата на матичниот број на граѓанинот</u>

8. <u>Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија</u> предвидува водење на евиденција за издадените патни исправи и визи, како и за изгубените и исчезнатите патни исправи.(член 27)

<u>Упатство за постапката за издавање патни исправи и визи од страна на дипломатско-козуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство, како и за начинот на водењето на евиденцијата за издадените патни исправи и визи</u>

<u>Правилник за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Северна Македонија, за начинот на фотографирање за патните исправи и за водење на евиденција</u>

9. <u>Законот за државјанството на Република Северна Македонија</u> во кој се водат евиденции за:

-евиденција за државјаните на Република Северна Македонија и за странските државјани кои се родени на територијата на Република Северна Македонија и

-евиденција за стекнување и престанок на државјанство на Република Северна Македонија. (член 22)

10. Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, во кој се водат евиденции за:

-регистар за издадени меѓународни возачки дозволи (член 316)

-евиденција на издадени и одземени лиценци на автошколи и испитни центри; (член 376)

-регистар на издадени и одземени лиценци на возач-инструктор, предавач по наставната програма од сообраќајните правила и прописи (теоретски дел) и предавач по наставната програма управување со моторно возило (практичен дел) во автошкола; (член 377)

-регистар на издадени и одземени лиценци на контролор, испитувач по наставна програма од сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма од управување со возило (практичен дел) во испитен центар; (член 378)

- евиденција за издадени мандатни, односно прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки; (член 379)

- евиденција на физички лица против кои е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка; (член 380)

- евиденција на физички лица на кои има е изречена опомена; (член 381)

-издадени возачки дозволи и

-издадени возачки книшки. (член 394)

Правилник за формата и содржината на образецот на возачка дозвола и возачка книшка, начинот на нивното издавање и заменување и за начинот на водење на евиденциите за издадени возачи дозволи и возачки книшки во Министерството за внатрешни работи

Правилник за формата и содржината на образецот, како и начинот на водење на евиденција на физички лица против кое е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка и евиденција на физички лица на кои им е изречена опомена

Правилник за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар

Правилник за формата и содржината на образецот на барањето и на образецот на дозволата за возач-инструктор, начинот на нејзиното издавање и заменување на начинот на водење на евиденцијата за издадени дозволи за возач-инструктор во Министерството за внатрешни работи

Правилник за поблиските критериуми, начинот на работа на автошколите, наставниот план и програма за обука, стручниот кадар, опремата со која треба да располагаат, акко и евиденциите што треба да ги водат автошколите за оспособување на кандидати за возачи

11. **Законот за гранична контрола** предвидено е водење на евиденции кои се уредени во посебна глава XI. Обработка на лични податоци и евиденции, и тоа:

-евиденција на лица над кои се извршени детални гранични проверки;

-евиденција на лица на кои им е издадено одобрение за преминување на државната граница надвор од граничните премини и надвор од утврденото работно време на граничните премини;

-евиденција на издадени одобренија за внесување и носење на оружје, муниција и опрема во Република Северна Македонија од страна на припадници на странски безбедносни органи;

-евиденција на извршени гранични инциденти;

-евиденција на лица кои најавиле лов долж граничната линија и

-евиденција за личните податоци на вработените кај оператор и други правни или физички лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат дејност. (член 64)

12. **Законот за странци**,во кој се водат евиденции за:

- издадени дозволи за привремен престој,
- одбиени барања за издавање на дозвола за привремен престој,
- издадени дозволи за постојан престој,
- одбиени барања за издавање на дозвола за постојан престој,
- странци со пријавено престојувалиште,
- странци со пријавено живеалиште,
- издадени визи на граничен премин,
- поништени, отповикани визи, визи кои се продолжени, како и визи на кои им е скратена нивната важност,
- издадени пасоши за странци и патни исправи за лица без државјанство,
- одбиени барања за издавање на пасоши за странци и патни исправи за лица без државјанство,
- пријавени исчезнати, изгубени, украдени или на друг начин отуѓени патни и други исправи,
- странци сместени во Прифатниот центар,
- изречени безбедносни и заштитни мерки,
- странци кои се протерани од Република Северна Македонија,
- странци на кои им е одземен привремениот или постојаниот престој во Република Северна Македонија,
- странци на кои им бил одбиен влез во државата и
- земени отпечатоци од прсти. (член 143)

Правилник за начинот на издавање на визи за странци, продолжување, скратување на нивната важност, отповикување и поништување на визи како и за образецот на визи и за водење на евиденции

13. Законот за меѓународна и привремена заштита, односно глава IX. Обработка и заштита на лични податоци, е уреден начинот на водење на евиденции од страна на Секторот за азил во Министерството преку Интегрираната база за странци која содржи податоци за азил, миграции и визи согласно со прописите за заштита на личните податоци и прописите за странци, како и обработува и други лични податоци за барател на право на азил, признаен бегалец, лице под супсидијарна заштита; за членови на потесно семејство кои го придружуваат барателот на право на азил; признаениот бегалец, односно лицето под супсидијарна заштита и податоци за нивниот престој и права што ги користат во Република Северна Македонија. (член 90, 91 и 92)

14. Законот за заштита од експлозивни материи предвидена е обврска за водење на евиденција од страна на Министерството за издадени одобренија за набавка на експлозивни материи. (член 41)

15. Законот за јавните собири, предвидено е водење на евиденција од страна на полицискиот службеник за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки. (член 10-в)

16. Законот за детективска дејност предвидено е во Министерството да се води евиденција на детективите на кои им е издадена лиценца (член 22)

17. Закон за приватно обезбедување предвидува обврска за Министерството да води евиденција на издадени и одземени дозволи за обезбедување. (член 62)

18. Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари предвидена е евиденција на лица на кои име е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на сите спортски натпревари која ја води Министерството. (член 13-г)

Униформираните полициски службеници се должни да водат евиденција за издадени прекршочни платни налози. (член 15-а)

Министерството води и евиденции врз основа на закони кои не се во негова надлежност и тоа:

-Законот за заштита на сведоците предвидува водење на евиденција на податоци за заштитените лица.(член 12)

-Законот за возила се водат евиденции за:

-регистар за издадените потврди за пробно возење и пробна таблица (член 38)

-евиденцијата за спроведените стручни испити за извршување на работите на технички преглед во правните лиза за технички преглед од страна на комисија на Министерството за внатрешни работи; (член 67)

-евиденцијата за спроведените стручни испити за извршување на работите на регистрација на возилата во правните лица за регистрација на возилата од страна на комисија на Министерството за внатрешни работи; (член 67)

-регистар на возила е составен од евиденции за:

-одобрените типови возила,

-издадените потврди за сообразност и согласности за регистрација,

-регистрираните возила,

-уништени возила,

-патен надзор на техничката исправност на возилата кои учествуваат во сообраќајот на патиштата и

-спроведените стручни испити. (член 73)

Правилник за формата и содржината на патниот налог за користење на возило со пробни преносливи метални таблици и формата и содржината на регистарот за издадени потврди за пробно возење и пробни таблици

-**Законот за прекршоците** предвидено е водење на:

-евиденција за сторителите на прекршок и за изречените глоби за сторениот прекршок. (член 39)

-евиденција за изречените опомени. (член 71)

-**Законот за класифицирани информации**

-евиденција на лицата за кои е спроведена постапка за издавање на безбедносен сертификат (член 68)

Покрај наведените евиденции, Министерството води и други евиденции согласно закон и прописи врз основа на закон.

4. Безбедност на обработката на личните податоци

Министерството презема соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап, незаконско откривање и уништување на податоците. Пристапот до личните податоци е ограничен на лицата кои се овластени да вршат активности за обработка на личните податоци согласно надлежностите утврдени во актот за систематизација на работни места во Министерството, а за извршување на работни задачи кои се во законска надлежност на Министерството.

Начинот на примена на техничките и организациските мерки за безбедност на обработката на лични податоци во Министерството се определува со Правилник за техничките и организациските мерки за безбедност на обработката на личните податоци на Министерството за внатрешни работи.

Примената на техничките и организациските мерки за информациско комуникациски систем (ИКТ систем) во кој се обработуваат личните податоци на Министерството се определува со посебен акт за технички и организациски мерки за безбедност на обработката на личните податоци за конкретниот ИКТ систем.

Работниците и ангажираните лица во Министерството, секој во рамките на своите работни задачи ги спроведуваат определните технички и организациски мерки за безбедност на обработката на личните податоци.

Офицерот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: ОЗЛП) во Министерството врши редовна проценка на потребата за изработка или ревизија на правилникот и посебните акти за безбедност на обработката на личните податоци од аспект на нивно усогласување со прописите за заштита на личните податоци.

### IV.1 Анализа на ризик за активностите за обработка на личните податоци

Министерството ги анализира и се справува со ризиците кои се поврзани со обработката, особено од случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање на личните податоци или неовластен пристап до пренесените, зачуваните или на друг начин обработени лични податоци.

При изборот на технички и организациски мерки за обработка на лични податоци, се зема во предвид:

- природата, обемот, контекстот и целите на обработка
- количеството на собраните лични податоци
- ризиците со различна веројатност и сериозност за правата и слободите на физичките лица кои произлегуваат од обработката.

Управувањето со ризиците ги опфаќа следните фази:

а) водење на преглед на активностите за обработка на лични податоци,

б) процена на ризикот за активностите за обработка на лични податоци,

в)планирање и спроведување на мерки за безбедност на обработката на личните податоци,

г) спроведување на контрола на спроведувањето на мерките за безбедност на обработката на личните податоци.

### IV.2 Безбедносни инциденти за личните податоци

Под безбедносен инцидент се подразбира секое нарушување на безбедноста на личните податоци кое има влијание на доверливоста (неовластено или случајно откривање на податоците), интегритетот (неовластена или случајна промена на податоците) и достапноста (оневозможување на пристапот до податоците).

Во случај на безбедносен инцидент за личните податоци, Министерството има обврска да ја извести АЗЛП, во рок од 72 часа од дознавање за истиот.

Кога постои веројатност безбедносниот инцидент да предизвика висок ризик за правата и слободите на физичкото лице, Министерството го известува и субјектот на лични податоци.

Во Министерството се воспоставува и води евиденција во која се документираат безбедносните инциденти за личните податоци, вклучувајќи ги и фактите поврзани со нив, последиците и преземените активности за справување со истите.

## 5. Улоги и одговорности

Улогите и одговорностите поврзани со активностите за обработката на личните податоци во Министерството се определуваат и се доделуваат во согласност со овој план.

Во Министерството со актот за систематизација на работните места се определуваат работните места со работни задачи за извршување на активности за обработка на личните податоци.

Администраторот на ИКТ системот се определува со посебно овластување во кое прецизно се документираат неговите одговорности во однос на заштитата на личните податоци.

Организациските единици за информациска безбедност во Министерството се надлежни за управување со анализата на ризик и планирање на мерки за безбедност на обработката на личните податоци во ИКТ систем.

Улогите на офицерот за заштита на личните податоци и администраторот на ИКТ систем се независни и целосно одделени за воспоставување на систем за безбедност на обработката на личните податоци со ефикасна контрола на спроведувањето на мерките за безбедност на обработката на личните податоци.

### 5.1 Раководство на Министерството

Раководството на Министерството е одговорно за следење и спроведување на усогласеноста со прописите за заштита на личните податоци и за обезбедување усогласеност со овој план. Раководството во Министерството дава целосни стратешки насоки преку воспоставување на соодветни правила за безбедност на обработката на личните податоци во Министерството. Раководството пренесува овластување и одговорности за спроведување на мерките за безбедност на обработката на личните податоци на надлежните организациски единици во Министерството. Раководството ги разгледува извештаите од надлежните организациски единици во системот за заштита на личните податоци во Министерството за да се обезбеди дека се постапува согласно правилата за безбедност на обработката на личните податоци.

Раководството на Министерството ја покажува заложбата за безбедноста на обработката на личните податоци преку:

- одобрување на правилата и други посебни акти за безбедност на обработката на личните податоци,
- планирање и обезбедување потребен буџет за ИКТ технологија за да се постигне и одржи усогласеност со барањата за безбедност на обработката на личните податоци,
- соодветно постапување по информациите и извештаите за успешноста на спроведените мерки и за безбедносните инциденти со влијаните по обработката на личните податоци,
- обезбедување на потребните физички, технички и административни средства за спроведување на мерките за безбедност на обработката на личните податоци, обезбедување на потребните алатки за управување со системот за заштита на личните податоци, обезбедување на човечки ресурси и стручни обуки за заштита на личните податоци.

### 5.2 Офицер за заштита на лични податоци

Министерството со решение определува Офицер за заштита на лични податоци, еден или повеќе лица, кој е одговорен за управување со системот за заштитата на лични податоци и ги извршува најмалку работните задачи предвидени со член 43 од Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Северна Македонија) бр.42/20 и 294/21).

Во Министерството и Бирото за јавна безбедност се формирани надлежни организациски единици за управување со системот за заштита на личните податоци, кои определуваат Офицери за заштита на лични податоци за Министерството и Бирото за јавна безбедност.

Организациските единици на централно и регионално ниво во Министерството за внатрешни работи и Бирото за јавна безбедност кои вршат активности за обработка на лични податоци во поголем обем или во повеќе збирки на лични податоци определуваат лице кое ќе ги извршуваат работните задачи на регионален офицер за заштита на личните податоци, односно офицер за заштита на личните податоци за конкретната организациска единица.

### 5.3 Носител на збирка на лични податоци

Носител на збирка на лични податоци е организациската единица во Министерството која во рамки на делокругот на своите надлежности управува со активностите на обработка на личните податоци предвидени со закон. Носителот на збирката е одговорен за заштитата на личните податоци од воспоставената збирка на лични податоци.

Носителот на збирка на личните податоци:

-дава детален опис на збирката на лични податоци, и тоа за условите кои ја одредуваат законитоста на обработката, целите на обработката, категориите на лични податоци кои се предмет на обработката, категориите на субјекти на лични податоци, список на процесите/активностите на обработка на лични податоци од збирката, рок на чување, заеднички контролор и обработувач на збирка,

-учествува во процесот на анализа на ризикот за заштитата на личните податоци,

-одобрува пристап до личните податоци од збирката на лични податоци,

-обезбедува услови за навремено спроведување на контролите за заштита на личните податоци,

-ги унапредува мерките за заштита на личните податоци на збирката.

### 5.4 Организациска единица за информациска безбедност

Во Министерството е формирана организациска единица за управување со информациската безбедност во ИКТ системите на Министерството.

Организациската единица која управува со информациска безбедност ги презема следните активности во системот за заштита на личните податоци во Министерството:

- координација на активностите на анализа на ризик на ИКТ систем и планирање на технички и организациски мерки и активности за безбедност на обработката на личните податоци,

- координација на изработката на посебни акти за примената на техничките и организациските мерки за безбедност на обработката на личните податоци,

- соработува со Офицерот за заштита на личните податоци и му помагаат при вршењето на неговите работни задачи, согласно прописите за заштита на личните податоци.

### 5.5 Администратор на ИКТ систем

Администратор на ИКТ систем во Министерството е определено лице кое има обврска да презема активности за примена на техничките и организациските мерки за безбедност на обработката на личните податоци во ИКТ системот.

За секој ИКТ систем во Министерството во кои се обработуваат лични податоци се определуваат едно или повеќе лица за администратор на ИКТ системот.

Администраторот на ИКТ систем во Министерството учествува во активностите за анализа на ризик и планирање на техничките и организациски мерки за безбедност на обработката на личните податоци.

Во случај на настанат безбедносен инцидент на личните податоци во ИКТ системите, администраторот на ИКТ системот го известува раководителот на организациската единица која управува со ИКТ системот.

Администраторот на ИКТ системот учествува во справувањето со безбедносниот инцидентот со влијание на личните податоци, и ги презема сите неопходни активности за отстранување на штетните последиците.

Офицерот за заштита на личните податоци врши периодична контрола на работата на администраторот на ИКТ систем.

### 5.6 Овластено лице за обработка на лични податоци

Овластено лице за обработка на лични податоци е лице вработено или ангажирано во Министерството кое извршува активности за обработка на лични податоци од збирка на лични податоци рачно или автоматизирано преку ИКТ систем.

Овластеното лице за обработка на лични податоци потпишува изјава со која ги прифаќа следните обврски:

- да постапува согласно прописите од областа на заштитата на личните податоци и интерните акти на Министерството;
- веднаш да го пријави кај раководителот секое сознание, директно или индиректно, кое може да укажува дека постои ризик од нарушување, или аномалија на системот за заштита на личните податоци во Министерството, во случај да се работи за надворешен или за внатрешен ризик;
- да не ја прекршува преземената обврска за доверливост со која се обврзува дека личните податоци до кои ќе дојде во текот на работењето во Министерството, ќе ги чува како доверливи и нема да ги пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе ги стави на располагање на било кое друго лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки според кои во Министерството се врши обработката на личните податоци;
- доделеното корисничко име и лозинка ги чува тајни и не е дозволено да ги споделува со други лица,
- со потпишување на договорот за работа потпишува „Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци",
- при работа со документи кои содржат лични податоци внимава истите да не ги направи непотребно видливи на трети лица,

- по престанокот на работното време и за време на паузи и отсуства документите кои содржат лични податоци ги чува на место на кое што нема да бидат непотребно видливи при што ги применуваат мерките за чување на документи во хартиена форма;
- се одјавува од авторизираниот пристап до ИКТ системот при секое оддалечување од работното место;
- не е дозволено да ги снима на приватни преносни медиуми преземените лични податоци од системот за електронска пошта или од другите ИКТ системи во Министерството.

### 5.7 Обработувач на лични податоци на Министерството

Обработувач на личните податоци е правно или физичко лице кое во име и за сметка на Министерството обработува лични податоци кои се дел од збирките на личните податоци на Министерството. Во случаите кога Министерството ангажира обработувач на лични податоци, Министерството има обврска да ги определи целите на обработката, обемот на лични податоци и техничките и организациските мерки за заштита на лични податоци.

Правата и обврските што се однесуваат на обработката на личните податоци се регулираат во договорите за давање на услуги за обработка на лични податоци на Министерството или за давање на услугите за развој, одржување и управување со ИКТ системите и инфраструктура во Министерството.

Обработувачот ги применува прописите за заштита на личните податоци и ги презема сите неопходни технички и организациски мерки согласно донесената документација за безбедност на обработката на личните податоци во Министерството.

## 6. Обука и информирање за заштита на личните податоци

Обуката и информирањето за заштита на личните податоци ќе се спроведува за сите работници во Министерството заради оспособување на работник за самостојно вршење на работни задачи, заради континуирана обука на работник и во случај кога други лица кои се ангажираат во Министерството имаат пристап и вршат обработка на лични податоци.

Лицата кои се вработуваат или се ангажираат во МВР се запознаваат со прописите за заштита на личните податоци и со донесената документација за заштита на личните податоци.

Непосредниот раководител ги информира работниците во Министерството за обврските и одговорностите за заштита на личните податоци при извршување на работните задачи.

Офицерот за заштита на личните податоци планира и реализира континуирани обуки за заштита на лични податоци за вработените во Министерството.

7. Контрола на системот за заштита на личните податоци

Министерството задолжително врши контрола на планираните мерки за безбедноста на обработката на личните податоци, а со цел да провери дека тие се применуваат еднообразно и начинот на применување е ефективен и ефикасен.

Контролата за заштита на личните податоци во Министерството се спроведува со цел:

- да се следи усогласеноста со Законот за заштита лични податоци и со други закони кои предвидуваат обработка на личните податоци во Република Северна Македонија, односно со документација за заштита на лични податоци во Министерството,

- да се констатираат евентуални несообразности, да се дадат конкретни предлог мерки за нивно надминување и да се изврши усогласеност и еднообразност во обработката на личните податоци, нивното пренесување и заштита,

- да се подигне свесноста кај работниците во Министерството за правото на приватност и обврските за почитувањето на начелата за заштита на личните податоци.

Контролите за заштита на личните податоци може да бидат периодични и внатрешни.

Офицерот за заштита на личните податоци во Министерството, самостојно или заедно со други стручни лица, во однапред определен временски период или поради проценет тековен ризик и безбедносен инцидент врши периодична контрола за заштита на личните податоци.

ИКТ систем во Министерството со кој се обработуваат лични податоци задолжително подлежи на периодични контроли во текот на годината и внатрешна контрола која се врши на годишно ниво.

ИКТ системот во Министерството подлежат на годишна внатрешна контрола со цел да се провери дали постапките и упатствата содржани во правилата и процедурите за безбедност на личните податоци се применуваат и се во согласност со прописите за заштита на личните податоци. Стручните лица за ИКТ технологии кои учествуваат во внатрешната контрола на ИКТ системот не се овластените лица како администратори на контролираниот ИКТ систем.

При извршувањето на контролата, офицерот за заштита на личните податоци ги зема во предвид ризиците поврзани со активностите на обработката, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработката.

Извештајот за извршена периодична, односно внатрешна контрола содржи место и време на извршената контрола, лицата кои присуствувале на контролата, констатирана состојба, оценка за усогласеност со прописите, односно документацијата за заштита на личните податоци во Министерството, релевантните законски и подзаконски прописи, предлог мерки и препораки за надминување на евентуалните неусогласености со временски период на отстранување на неусогласености.

Извештајот се доставува до раководството и надлежните организациски единици во Министерството.

Офицерот за заштита на личните податоци изработува годишна информација за спроведени контроли за заштита на личните податоци со предложени и реализирани корективни мерки.

8. Ревизија на планот

Офицерот за заштита на лични податоци врши оценување на потребата за ревизија на Планот.

Ревизијата на планот се врши во соработка со организациските единици со надлежности за правни работи и заштита на лични податоци, информациска безбедност и за управување со информациски и комуникациски системи.

9. Преодни и завршни одредби

Со донесување на овој план престанува да важи Планот за воспоставување на систем за заштита на личните податоци бр.13.1.1-61806/1 од 15.09.2017 година.

Овој план влегува во сила осмиот ден од денот на неговото донесување и се објавува на веб страницата на Министерството.

**Бр. 13.1.1 – 8875/1**
**27-01-2023 2023 година**
**Скопје**

**МИНИСТЕР**
**ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**Оливер Спасовски**